Република Северна Македонија

**Министерство за
јавна администрација**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E ADMINISTRATËS PUBLIKE
Бр.-Nr. 16 - 2392/11
12.06 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 90 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 294/21 и 101/25), а во врска со Правилникот за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видео надзор („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 122/20), Министерот за јавна администрација, ја донесе следната

# АНАЛИЗА НА ЦЕЛИТЕ ЗА КОИ СЕ ПОСТАВУВА ВИДЕО-НАДЗОРОТ ВО МИНИСТЕРСТВОТ ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Поради законските надлежности и природата на дејноста, како и заради локацијата на деловните простории, во и пред просториите на Министерството за јавна администрација, има зголемена секојдневна фреквенција на посетители како заинтересирани страни од редот на граѓаните, други државни органи и правни лица, поради што се наметнува потребата да се врши обезбедување на влезот и излезот во службените простории преку воспоставување на систем за вршење на видео надзор.

Покрај ова во работните канцеларии има и соодветна техничка опрема (персонални компјутери, сервери, фотокопири, скенери и друга опрема) која може да биде предмет на незаконско отуѓување.

Следствено на последното, со поставувањето на видео надзорот ќе се овозможи соодветна заштита на сопственоста на Министерството за јавна администрација од неовластен пристап, кражба или друга форма на нејзино загрозување и ќе се обезбеди контрола над влезот и излезот од просториите на министерството, како за време на работното време, така и по истекот на работното време, односно и во неработните денови.

Видео надзорот се поставува единствено заради исполнување на целите кои се однесуваат на:

- заштита на сопственоста на министерството;
- заштита на податоците од областа на водењето на регистри и други бази за размена на податоци;
- контрола над влегувањето и излегувањето од службените простории на министерството.

Снимките направени во текот на спроведувањето се чуваат 30 (триесет) дена на тврдиот диск од уредот за дигитално снимање, а откако ќе истече овој рок истите автоматски се

отстрануваат. Доколку се процени дека за да се овозможи реконструкција на настаните кои довеле до можна злоупотреба или отуѓување на дел од материјалните средства на министерството, може снимките да се чуваат и во рок подолг од 30 (триесет) дена.

Видео надзорот над просторот пред влезот во министерството е поставен превентивно со цел заштита на сопственоста на министерството, во близина на деловниот простор на министерството, како и за заштита на имот на министерството од кражби или разни оштетувања или уништувања.

Офицерот за заштита на личните податоци има позитивно мислење за оваа Анализа и е согласен со истата во врска со (Мислење за Анализата на целите за кои се поставува видеонадзорот во Министерството за јавна администрација, бр. ______________ од ______________ година.

Министер за јавна администрација
Горан Минчев

______________________